Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-405/4

15.09.2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-405/1 од 04.08.2022 поднесена од [redacted] со место на живеење на [redacted] за извршена директна дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа работа и работни односи во постапката по јавниот оглас бр, 193/2022 објавен на 24.06.2022 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 15.09.2022 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на здравствена состојба во област работа и работни односи од страна на Агенција за администрација, кон [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст Комисијата ) поднесена е претставка со архивски број 08-405 од 04.08.2022 година, од [redacted], против Агенцијата за администрација, Комисија за селекција на Оглас бр.193/2022 објавен на 24.06.2022 со седиште на ул. Јуриј Гагарин бр. 15, Скопје, за сторена дискриминација врз основ на здравствена состојба во област работа и работни односи. Согласно наводите од претставката, Комисијата утврди дека тврдењето за сторена директна дискриминација врз основ на здравствена состојба е веројатно со што согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката, во случајов Агенцијата за администрација.

Подносителката смета дека врз неа е направена директна дискриминација врз основа на здравствена состојба во постапката по јавниот оглас бр. 193/2022 и директно и се ускратени правата гарантирани со Уставот и законите во Република Северна Македонија, со тоа што ради нејзината здравствена состојба како позитивна на SARS CoV 2 ( COVID 19 ) и е ускратено правото на учество во процесот на селекција, со што и е оневозможено правото на полагање на испитот за административен службеник како дел од фазата на селекција по објавениот оглас. На 19.07.2022 година заради моменталната здравствена состојба и пројавени симптоми, по направен ПЦР тест во Институтот за јавно здравје и добиено известување од матичен лекар дека е позитивна

на ковид, одредена и е изолација од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат, Решение бр. 09-24232 од 21.07.2022, лабораториски потврден случај позитивна на ковид со што и е одредена мерка изолација во траење од најмалку 7 дена.

Комисијата согласно член 24, став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Известување со бр. 08-405/2 од 05.08.2022 до Агенција за администрација, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.
На 23.08.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за изјаснување од страна на потенцијалниот дискриминатор, заведен под архивски број 08-405/3.
Во одговорот од Агенција за администрација, се негира дискриминаторски однос кон [redacted] врз основ на здравствена состојба во областа на работните односи.
Сите три фази од постапката за селекција за вработување ги спроведува Комисија за селекција, која е должна да се грижи за законитоста на постапката притоа почитувајќи ги законски утврдените рокови за спроведување на секоја фаза од постапката.
На кандидатите за административни службеници им било овозможено преку поднесување на електронска пријава да аплицираат за работните места од Јавниот оглас број 193/2022 и по спроведена фаза 1 од постапката за селекција за вработување на административни службеници – административна селекција, Комисијата за селекција ја закажала фаза 2 – испитот за административен службеник да се спроведе на 22.07.2022 година во 9:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација.

Сите кандидати кои ги исполниле условите утврдени во јавниот оглас биле електронски известени за информацијата за денот и часот на одржување на испитот за административен службеник, меѓу кои уредно била известена и кандидатката [redacted] Во врска со наведеното, а имајќи го во предвид наводот во претставката дека и е сторена директна дискриминација на начин што била исклучена од натамошната постапка во процесот на селекција по објавениот оглас, иако преку електронска пошта ја известила Агенцијата за администрација дека е спречена да го полага испитот за административен службеник во определениот термин од причина што и е одредена мерка изолација во времетраење од најмалку 7 дена, бидејќи од 19.07.2022 година е позитивна на SARS CoV-2 ( Covid 19 ) и е на отворено боледување, наводот за извршена дискриминација е неоснован.

Имено по однос на тоа дека Агенцијата за дискриминација не презела никакви мерки или активности во насока на обезбедување на еднакво учество во процесот туку била исклучена од понатамошна постапка во процесот на селекција по објавениот оглас и дека на тој начин и е сторена директна дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа работа и работни односи и е постапено спротивно на член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, укажуваме на следново:


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 6 од ЗСЗД „Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон „Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало неповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа"

Имајќи ги во предвид горецитираните законски одредби укажуваме дека во конкретниот случај Агенцијата за администрација, односно Комисијата за селекција не извршила дискриминација врз основа на здравствената состојба во областа на работа и работни односи од причина што во Законот за административни службеници не се утврдени одредби кои овозможуваат одложување на утврдениот термин за полагање на испитот за административен службеник, за кое споменатата била известена по претходно испратена електронска пошта.

По завршувањето на првата фаза – административна селекција следи втората фаза – испит за административен службеник за кој согласно член 39 став (10) од Законот за административни службеници „Датумот и времето на одржување на следната фаза на селекција се објавуваат заедно со ранг листата од ставот (9) на овој член и истиот не може да биде пократок од 10 дена, а подолг од 30 дена од денот на објавување на ранг листата"

Согласно член 40 став ( 13 ) од истиот Закон „Во рок од три дена од денот на спроведување на испитот, согласно со освоените бодови од административната селекција и испитот, Комисијата подготвува и ја објавува на веб страницата на Агенцијата, ранг листата со идентификациски кодови на кандидатите" и согласно став ( 14 ) „Датумот и времето на одржување на следната фаза на селекција се објавуваат заедно со ранг листата од ставот ( 13 ) на овој член и истиот не може да биде подоцна од 10 дена од денот на објавувањето".

Од наведениве законски одредби јасно произлегува дека Комисијата за селекција пред и по спроведувањето на испитот за административен службеник има обврска во точно определени законски рокови да превзема конкретни дејствија во текот на постапката за селекција за вработување на административни службеници, а за кои дејствија не постојат законски одредби кои и даваат право на Комисијата за селекција да ги одложи односно презакаже во друг термин. Освен согласно член 41 став ( 4 ) од Законот

за административни службеници, во случај кога на денот на полагањето на испитот има технички проблем со компјутерот на кој полагал кандидатот и доколку истите не бидат отстранети за 30 минути, само за тој кандидат испитот се прекинува и ќе може да го полага во нов термин најдоцна во рок од три дена од денот во кој испитот е прекинат.

Од горенаведеното јасно е дека кон кандидатката [redacted] не е извршена дискриминација согласно членот 6 од ЗСЗД, него кандидатката од приватни причини била спречена да го полага испитот за административен службеник во Агенцијата за администрација на определниот термин 22.07.2022.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на претставката, достапните докази, како и на одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти дека е извршена директна дискриминација врз основ на здравствена состојба во област работа и работни односи, бидејќи од доставените докази **констатирано е дека подносителот не бил ставен во нееднаква положба со останатите кандидати.**

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:

[redacted]
Агенција за администрација ул. Јуриј Гагарин бр. 15 Скопје
Комисија за спречување и заштита од дискриминација бул. Даме Груев бр. 1 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk